Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-471/2
Дата: 10-07-2024

По претставката бр. 08 – 471/1 од 25.06.2024 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 471/1 од 25.06.2024 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] - Скопје **заради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 25.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка, заведена под бр. 08 – 471/1, од [redacted] Скопје против [redacted] - Скопје.

Во претставката се наведува дека причина за поднесување на претставката погрешно изготвени завршни сметки за 2022 и 2023 година од страна на [redacted] – Скопје, како и нецелосна корекција на завршната сметка за 2022 година. Како резултат на тоа, [redacted] Скопје не успеале да аплицираат согласно критериумите за апликација на повикот на ФИТР за „Ко – финансирани грантови за комерцијализација на иновации“.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа од причина што наведеното во претставката не укажува на нееднаков третман врз заштитна карактеристика на подносителот на претставката. За да се работи за дискриминација, во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“* **потребно е да постои нееднаков третман кон подносителот за разлика од други лица, кој е заснован на некоја негова заштитна карактеристика –**


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**дискриминаторска основа, односно повреда на право врз заштитна карактеристика.** Дискриминаторска основа, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е *„раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

**Од наведеното во претставката произлегува дека опфатениот проблем не е од областа на дискриминација. Поради тоа го упатуваме подносителот наведниот проблем да го адресира до надлежен граѓански суд.**

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 471/1 поради ненадлежност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk